Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
Shoqëria Aksionare e Menaxhimit të Hapësirave Afariste në Pronësi Shtetërore
Бр.-Nr. 05-395/24
07-04-2022 20 год.-vite
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 112 став 1 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр.24/2019 , член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје (пречистен текст), Записник од отворање на понуди бр.05-395/10 од 11.03.2022 г., Извештај за текот на е-аукцијата за Осигурување на имот и опрема, каско осигурување на моторни возила, автоодговорност и осигурување на работници од несреќен случај(незгода) бр.05-395/17 од 21.03.2022 г. одржана на ден 18.03.2022 г и Извештај од спроведена постапка бр.05-395/23 од 04.04.2022 г. од Комисијата за јавни набавки по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.**03449/2022** , Директорот на Друштвото донесе

# О Д Л У К А
## за избор на најповолна понуда за Осигурување на имот и опрема, каско осигурување на моторни возила , автоодговорност и осигурување на работници од несреќенслучај(незгода)

На основ на Записник од отворање на понуди бр. 05-395/10 од 11.03.2022 г., Извештај за текот на е-аукцијата за Осигурување на имот и опрема, каско осигурување на моторни возила, автоодговорност и осигурување на работници од несреќен случај(незгода) бр.05-395/17 од 21.03.2022 година одржана на ден 18.03.2022 година и Извештај од спроведена постапка бр.05-395/23 од 04.04.2022 година од Комисијата за јавни набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, по Одлука за јавна набавка бр.05-352/3 од 15.02.2022 година со примена на постапка Набавка од мала вредност со објавување на оглас во ЕСЈН со е-аукција, Договорот за Осигурување на имот и опрема, каско осигурување на моторни возила, автоодговорност и осигурување на работници од несреќен случај(незгода) се доделува на:

**Национална групација за осигурување**
**,,АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА,, Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 4 (четири) прифатливи понуди.

### Образложение

На електронската аукција спроведена на ден 18.03.2022 г од страна на Комисијата за јавни набавки најниска вкупна цена понудил Економскиот оператор „Винер- Виена Иншуренс Груп„ Скопје.
Во Извештајот од спроведената постапка бр.05-395/23 од 04.04.2022 година од Комисијата за јавни набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје е констатирано следново:
На електронската аукција најниска вкупна цена имаше понудено Економскиот оператор АД за осигурување „Винер- Виена Иншуренс Груп„ Скопје., но согласно добиениот допис од Национално Биро за осигурување 0810-738/1-2022 од 28.03.2022 г, ЕО не смее да нуди премии по полиси за АО кои се пониски од максимално дозволените намалени цени согласно МТР на АДСДПДС, а по соодветното намалување на првично понудените цени , по спроведената е-аукција, премиите за АО ке бидат пониски од дозволените најниски премии.
Согласно конечното бодирање и рангирање на понудите од страна на Комисијата за јавни набавки, како најповолен понудувач е предложен економскиот оператор„ **Национална групација за осигурување ,,АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА,, Скопје.**

Солгасно погоренаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесувањето на одлуката да ги извести понудувачите за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да го извести:

- Понудувачот чија понуда е избрана за најповолна.
- Понудувачите кој поднеле прифатливи понуди кои не биле избрани за најповолни, за името на избраниот понудувач или понудувачи и причините за изборот.

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договор за доделување на јавна набавка со носителот на најповолната понуда, во се спрема одлуката за јавна набавка, понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација

Се задолжува Секторот за стопанисување со деловен простор за реализација на предметниот договор за јавна набавка.

Правна заштита

Жалбата се изјавува во рок од **пет** дена од денот на приемот на одлуката за избор за најповолна понуда до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се изјавува до Државна комисија за жалби во електронска форма, а се доставува истовремено до Државна комисија и до договорниот орган преку ЕСЈН.

**Генерален Директор**
**Sheval Ceku**

**доставено до**:

- Сектор за стопанисување со деловен простор
- Сектор за економско финансиски работи и информатика
- Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
- Архива

| | | |
|---|---|---|
| изготвил: | Јанко Михајловски | 04.04.2022 |
| контролирал: | Анета Тодоровска | |
| Одобрил: | Кирил Ѓорѓов | |
| | Аријана Раман | |